# Во Скопје одбележан денот на планетата Земја

Четврток, 23.04.2009 |

• Македонија

Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Град Скопје и проектот на УСАИД за рециклирање на пластика денеска на плоштадот „Македонија“ го одбележаа 22 април - Ден на планетата Земја.



Министерот за животна средина и просторно планирање Неџати Јакупи рече дека за зачувување на животната средина не е доволно само денеска да се запрашаме дали складираме пластични шишиња и најлонски кеси на адекватен начин.

- Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија ги поддржува учениците во активностите за заштита на животната средина, а младите заслужуваат живот во чиста средина, рече Јакупи.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски посочи дека човекот создава огромни количини отпад што се таложи на Земјината површина и со тоа таа се загадува. Тој потсети дека секојдневно се трошат природни ресурси, материјали и енергија.




- Град Скопје во соработка со ЈП „Комунална хигиена“ ги постави основите на еколошко освестено однесување на своите граѓани. Почна со одвојување на отпадот и негово рециклирање, што е наша законска обврска, рече Трајановски.

Тој додаде дека во рамки на заедничкиот проект за рециклирање на отпадот, Град Скопје и УСАИД минатата година поставиле 130 специјални контејнери за пластична амбалажа во Скопје, и од 10-15 контејнери во три училишта од секоја општина од Град Скопје.

Амбасадорот на САД во Република Македонија Филип Рикер посочи дека САД поддржува бројни активности за одржување здрава животна средина во Макеконија.



Тој потсети дека во соработка со локалните невладини организации организирале акции за чистење на летните кампови, обезбедиле експерти за едукација на тема „Одржување на националните паркови и Охридското Езеро“, делеле едукативни материјали за учениците посветени за заштита на животната средина, а нивниот најзначен проект за заштита на животната околина, како што посочи, е проектот за рециклирање пластика.

- Подигањето на јавната свест за здрава животна средина започнува со најмладите, затоа помогнавме да се основаат зелени патроли кои ќе се погрижат училиштата да останат пример за здрава животна средина, рече Рикер.

На плоштадот „Македонија“ беа претставени и скулптури од пластика на тема урбана средина, изработени од ученици од основните училишта од општина Центар, а учениците од основното училиште „Мирче Ацев“ од општина Ѓорче Петров го чистеа плоштадот од отпадоци.